

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претставиме имињата, зборовите, изразите, називите, термините... кои се во „Библискиот речник“: од Ева - името на првата жена, до Еклизијаст - проповедник, односно една од старозаветните книги***

**Ева** - *хавах* на еврејски, име со повеќе значења. Име на првата жена, што и го дал *Арам, мајка на сите живи,* според 1 Мој 3,20. Претходно ја нарекол жена (1 Мој 2,23). Поимот Ева се изведува од поимот животен, или од онаа која дава живот, а жена, односно *ишах,* се подразбира како женска форма од изразот *иш,*

што значи човек. Создадена е да биде едно со мажот, а нејзината подреденост на Адам е последица на нејзиното подоцнежно создавање од неговото ребро

,

а особено заради тоа што дозволила змијата да ја заведе и ја натера на грев (1 Тим 2,13; 2 Кор 11,3). Преку нејзиниот чин на прекршување на Божјата заповед, влегува гревот во човештвото. Мајка е на повеќе деца, од кои по име се набројуваат Каин, Авел и Сет.

**Евал** - планина во Сирија, 940 м надморска висина. Од неа Мојсеј ги проколнал престапниците на Законот и наредил токму на неа да се поставaт камените плочи на кои бил испишан Законот (5 Мој 27,4). На Евал Исус Навин го прогласил Мојсеевиот Закон (ИН 8,30-35).

**Евангелие** - Божјата порака на целото човештво за дарот на спасување на истото преку Неговиот син Исус Христос.

**Евангелија** - првите четири книги од НЗ, го опишуваат животот и работата на Господ Исус Христос. Напишани се меѓу 65 и 100 г. Се нарекуваат Евангелија по Матеј, по Марко, по Лука по Јован, кои најверојатно се нивни автори.

**Евангелист** - благовесник, се разликува од апостолите, пастирите и учителите (Еф 4,11 ). Нивната служба се состоела во објавување на радосната вест на оние што не ја слушнале, Патувале од место во место. Подоцна со тоа име се нарекуваат писателите на четирите Евангелија.

**Евејци** - древни жители на Сирија и Палестина, ги населувале линваските предели и Ермонскиот планински венец. Учествувале во подигањето на градбите што ги преземал царот Соломон (3 Цар9;20). Водат потекло од синот на Ханан.

**Евенезер** - *карпа на моќта,* 1) место на големата битка во која Филистејците ги поразиле Евреите и им го заробиле Ковчегот на заветот. Точната локација на местото не **е** позната {1 Цар 4,1; 5,1); 2) каменот што го подигнал Самуил за да ја одбележи победата на Евреите над Филистејците{1 Цар7,12).


EBENEZER







Пишуваат: **ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И СЛАВЕ КАТИН**